ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА
СТОПАНИСУВАЊЕ СО ПАСИШТА
NDËRMARRJA PUBLIKE PËR
EKONOMIZIM ME KULLOSA
Бр.-Nr. 02-373/4
22. 12. 2022 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Врз основа на член 19 став 1, а во врска со член 2 став 4 и член 8 од Законот за Јавните претпријатија ("Службен весник на Република Македонија„ бр.38/06, 6/02, 40/03, 46/06, 22/07, 83/09, 97/10, 62/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19, 89/22 и 274/22 ) и член 16 од Сатутот бр.02-10/6 од 15.01.2016 година, Управниот Одбор на ЈП за пасишта, на 85-та седница одржана на ден 22.12.2022 година, ја донесе следната:

# ОДЛУКА

## за утврдување на начинот за привремено користење на пасиштата во државна сопственост

### Член 1

Со оваа одлука се утврдува начинот на привремено користење на пасишта во државна сопственост од страна на правни и физички лица.

### Член 2

Раководителите или одговорните во Подружниците на ЈП за пасишта, врз основа на фактичката состојба на пасиштата, напасувањето и движењето на стоката, а поради потребата од регулирање на правото на напасување на стоката,сопствениците на стока кои користат пасиштата а немаат важечки договори ниту истечени договори во 2022 година или договори кои истекуваат во 2023 година, правото на привремено напасување на стока можат да го остварат со поднесување на писмено барање и составување на записник на лице место со претставник од ЈП за пасишта.

Формата на Барањата, потребната документација и Записникот за привремено регулирање на правото на користење на пасишта во државна сопственост го утврдува директорот на претпријатијето.Кон барањето, барателот (физичко или правно лице) задолжително доставува соодветен документ од надлежна интитуција со која се потврдува видот и бројот на добитокот.

Në bazë të nenit 19 paragrafi 1, dhe në lidhje me nenin 2 paragrafi 4 dhe nenin 8 të Ligjit për Ndërmarrjet Publike ("Gazeta zyrtare e Republikës së Maqedonisë" nr. 38/06, 6/02, 40/03, 46/ 06, 22/07, 83/09, 97/10, 62/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 dhe "Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut" nr. 275/19 , 89/22 dhe 274/22 ) dhe nenit 16 të Statutit me nr. 02-10/6 të datës 15.01.2016, Këshilli Drejtues i PK për Kullota, në Seancën e 85-të e mbajtur më 22.12.2022, solli në vijim:

# VENDIM

## për përcaktimin e mënyrës për shfrytëzimin e përkohshëm të kullotave në pronësi shtetërore

### Neni 1

Me këtë Vendim përcaktohet mënyra e shfrytëzimit të përkohshëm të kullotave në pronësi shtetërore nga ana e personave juridikë dhe fizikë.

### Neni 2

Udhëheqësit ose përgjegjësit në Njësitë rajonale të NP për kullota, në bazë të gjendjes aktuale të kullotave, kullotjen dhe lëvizjen e bagëtive, si dhe për shkak të nevojës për të rregulluar të drejtën e kullotjes së bagëtive, pronarët e bagëtive që shfrytëzojnë kullotat dhe nuk kanë kontrata të vlefshme ose kontrata të skaduara në vitin 2022 ose kontrata që skadojnë në vitin 2023, e drejta e kullotjes së përkohshme të bagëtive mund të realizojnë duke paraqitur kërkesë me shkrim dhe duke hartuar procesverbal në vend me përfaqësues nga NP për kullota.

Forma e Kërkesave, dokumentacioni i nevojshëm dhe Procesverbali për rregullimin e përkohshëm të së drejtës së shfrytëzimit të kullotave në proësi shtetërore përcaktohen nga Drejtori i Ndërmarrjes. Ndaj kërkesës kërkuesi (personi fizik ose juridik ) detyrimisht duhet të paraqesë një dokument përkatës nga institucioni kompetent që vërteton llojin dhe numrin e bagëtive.

**Член 3**

Сите корисници на високопланинските и зимските пасиште кон барањето за конкретното пасиште може да ја наведат потребата од користење на веќе постоечки или поставување на времени објекти на пасиштето.

За користење на веќе постоечки или поставување на времени објекти на пасиштата, задолжително се наведуваат катастарските податоци за местоположба на времениот објект.

Времени објекти во смисла на став 1 од овој член се : бачила, помошни објекти, трла, поила и слично.

**Член 4**

Оваа одлука се донесува поради потребата од трајно, континуирано и непрекинато вршење на дејноста на ЈП за пасишта како и сигурност во давањето на услугите.

**Член 5**

Се задолжува директорот на ЈП за пасишта во соработка со подружниците да ги превземе сите активности во реализација на оваа Одлука.

**Член 6**

Оваа одлука злегува во сила со денот на нејзиното донесување, а ќе се применува до донесување на Законот за изменување и дополнување на законот за пасишта кој е во постапка на донесување или најкасно до 31.12.2023 година

**Образложение**

Јавното претпријатие за стопанисување со пасишта е основано со Одлука на Владата на Република Македонија бр.23-982/1 од 06.04.1998 година ("Службен весник на Република Македонија„ бр.18/98).

ЈП за пасишта согласно член 2 став 4 од Законот за јавните претпријатија врши дејност од јавен интерес, при што треба да се почитуваат следните принципи: **сигурност во давањето на услугите, континуитет и квалитет на услугата, транспаретност, достапност и**

**Neni 3**

Të gjithë shfrytëzuesit e kullotave të larta malore dhe dimërore kur aplikojnë për kullotën konkrete mund të tregojnë nevojën e shfrytëzimit të objekteve ekzistuese ose të vendosjes së objekteve të përkohshme në kullotë .

Për shfrytëzimin e objekteve ekzistuese ose vendosjen e objekteve të përkohshme në kullota detyrimisht duhet të jepen të dhënat kadastrale për vendndodhjen e objektit të përkohshëm.

Objektet e përkohshme në kuptim të paragrafit 1 të këtij neni janë: stanet, objektet ndihmëse, lëmë, korita të ujit dhe të ngjashme.

**Nnei 4**

Ky Vendim është miratuar për shkak të nevojës për kryerjen e përhershme, të vazhdueshme dhe të pandërprerë të veprimtarisë së NP për kullota, si dhe për besueshmërinë në ofrimin e shërbimeve.

**Neni 5**

Drejtori i NP për kullota, në bashkëpunim me Njësitë rajonale, merr përsipër të ndërmarrë të gjitha aktivitetet në zbatim të këtij Vendimi.

**Neni 6**

Ky Vendim hyn në fuqi në ditën e miratimit të tijë dhe do të zbatohet deri në miratimin e Ligjit për ndryshimin dhe plotësimin e Ligjit për kullota, i cili është në proces të miratimit, ose më së voni deri më datën 31.12.2023.

**Arsyetim**

Ndërmarrja Publike për Ekonomizim me kullota është themeluar me Vendim të Qeverisë së Republikës së Maqedonisë me nr.23-982/1 të datës 06.04.1998 ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë" nr. 18/98).

Sipas nenit 2 paragrafi 4 të Ligjit për Ndërmarrjet Publike, NP për kullota kryen veprimtari me interes publik dhe duhet të respektohen parimet në vijim: **besueshmëria në ofrimin e shërbimeve, vazhdimësia dhe cilësia e shërbimit,**

**универзална услуга, заштита на корисниците и потрошувачите.**

Член 8 од Законот за јавни претпријатија гласи: **Јавно претпријатие и друштво кое врши дејност од јавен интерес, дејноста ја врши трајно и без прекин и неговата работа е јавна и транспарентна.**

Почнувајќи од 2013 година ЈП за пасишта нема склучено ниту еден договор за користење на пасишта во државна сопственост, поради пречките во примената на Законот за изменување и дополнување на законот за пасишта ("Службен весник на Република Македонија„ бр.164/13). Поради оваа причина е изработен предлог Закон за изменување и дополнување на законот за пасишта Закон за пасиштата кој е во постапка на донесување.

Од горенаведените причини кои преставуваат пречка во сигурност на давање на услугите, континуитет и квалитет во услугите, како и вршење на дејноста трајно и без прекин се донесе оваа Одлука.

Оваа Одлука се донесува за да не настанат последиците од член 39 од Законот за јавни претпријатија за превземање на мерки од член 40 од истиот закон.

**transparenca, disponueshmëria dhe shërbimi universal, mbrojtja e shfrytëzuesve dhe konsumatorëve.**

Neni 8 i Ligjit për Ndërmarrjet Publike thotë: **Ndërmarrja Publike dhe shoqëria që kryen veprimtari me interes publik, veprimtarinë e kryen në mënyrë të përhershme dhe pa ndërprerje dhe puna e saj është publike dhe transparente.**

Duke filluar nga viti 2013, NP për kullota nuk ka lidhur asnjë kontratë për shfrytëzimin e kullotave në pronësi shtetërore, për shkak të pengesave në zbatimin e Ligjit për ndryshimin dhe plotësimin e Ligjit për kullota ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë". " nr. 164/13).

Për këtë arsye është përgatitur Propozim – Ligji për ndryshimin dhe plotësimin e Ligjit për kullotat, Ligjit për kullotat, i cili është në proces të miratimit.

Për arsyet e mësipërme, të cilat paraqesin pengesë në besueshmërinë e ofrimit të shërbimeve, vazhdimësinë dhe cilësinë në shërbime, si dhe kryerjen e veprimtarisë në mënyrë të përhershme dhe pa ndërprerje, u miratua ky Vendim.

Ky Vendim është miratuar që të mos ndodhin pasojat nga neni 39 i Ligjit për Ndërmarrjet Publike për marrjen e masave nga neni 40 i të njëjtit ligj.

Скопје / Shkup
22.12.2022

**Управен Одбор на ЈП за пасишта / Këshilli Drejtues i NP për kullota**
**Претседател / Kryetar**
**Андријана Томовска**

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА СТОПАНИСУВАЊЕ СО ПАСИШТА
NDËRMARRJA PUBLIKE PËR EKONOMIZIM ME KULLOSA
СКОПЈЕ
SHKUP